# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.25 од 02.03.2007 година**

### Член 1

Во Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија"број 28/2004 и 84/2005), членот 11 се брише.

### Член 2

Во членот 109 став (2) зборовите: „ мерка на безбедност забрана за вршење дејност, функција или должност" се заменуваат со зборовите: „прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност".
Во ставот (3) зборовите: „мерка на безбедност" се заменуваат со зборовите: „ прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност".

### Член 3

Членот 175 се менува и гласи:
„(1) Пред поднесувањето на пријавата за упис на основањето на друштвото во трговскиот регистар, содружникот нема обврска за уплаќање на паричниот влог, ниту пак за внесување на непаричниот влог.
(2) Во случај на уплата на паричниот влог пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во трговскиот регистар, уплатата се врши на привремена сметка на друштвото кај носител на платниот промет во Република Македонија."

### Член 4

Во членот 183 став (1) точките 3 и 4 се бришат. Точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10.

### Член 5

Во членот 186 на крајот од ставот (5) се додава нова реченица која гласи: „Се до плаќањето на целиот износ на паричниот влог, содружникот одговара на друштвото во висина на презремениот влог во согласност со договорот на друштвото."

### Член 6

Членот 281 се брише.

### Член 7

Во членот 283 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:
"(7) Секој акционер има право да добие фотокопија од податоците запишани во акционерската книга на друштвото во коешто е акционер, по претходно барање доставено до Централниот депозитар за хартии од вредност. Направената фотокопија и податоците од фотокопијата можат да бидат употребени само за остварување на правата на акционерот."

### Член 8

Во членот 343 ставот (2) се брише.
Во ставот (3) кој станува став (2) зборовите: „мерка на безбедност забрана на вршење дејност" се заменуваат со зборовите: „казна, односно прекршочна

санкција забрана за вршење должност".

**Член 9**

Во членот 348 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор, како и членови на нивните семејства (сопружници, родители и деца) без одобрение на одборот на директори, односно на надзорниот одбор не смеат:".
Во ставот (4) зборовите: "одборот на директори, односно на управниот одбор" се заменуваат со зборовите: "органот на управување, односно на надзорниот одбор".
Во ставот (5) во првиот ред зборовите: "одборот на директори, односно на управниот одбор" се заменуваат со зборовите: "органот на управување, односно на надзорниот одбор".

**Член 10**

Во членот 361 став (1) во четвртиот ред зборовите: "во интерес на акционерите" се заменуваат со зборовите: "во интерес на сите акционери".

**Член 11**

По членот 373 се додава нов член 373-а, кој гласи:

**"Член 373-а**

**Свикување состанок**

Одборот на директори, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеца, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на годишното собрание."

**Член 12**

Членот 422 се брише.

**Член 13**

Членот 425 се брише.

**Член 14**

Членот 429 се менува и гласи:
"Органот на управување, по добивањето одобрение од Комисијата за хартии од вредност за издавање акции, според одлуката за зголемување на основната главнина со влогови, објавува повик до заинтересираните лица за запишување на новоиздадените акции. Повикот се објавува најмалку во еден дневен весник. Во повикот заитересираните лица се известуваат, во рок не подолг од 30 дена, но не покус од 15 дена од денот на објавувањето на повикот, да ги запишат новоиздадените акции."

**Член 15**

Членот 430 се брише.

**Член 16**

Во членот 437 ставот (3) се брише.

**Член 17**

Во членот 439 став (4) во првата реченица, по зборовите: „нови акции" се става точка. Зборовите: „или со зголемување на номиналниот износ на издадените

акции" се бришат.

**Член 18**

Во членот 460 став (2) првата реченица се менува и гласи: "Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши во согласност со сите членови на одборот на директори, односно на членовите на надзорниот одбор."
Во ставот (3) воведната реченица се менува и гласи: "Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од мнозинството од претставените акции на собранието со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство."

**Член 19**

Во членот 487 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:
„(6) Доколку дивидендата не се исплати во рокот од ставот (5) на овој член, по истекот на овој рок на износот на дивидендата која треба да им се исплати на акционерите се пресметува законска затезна камата до денот на исплатата на дивидендата."

**Член 20**

Насловот на Десеттиот дел „КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ" се менува и гласи: „ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ".

**Член 21**

Во членот 598 став (1) зборовите: „Со парична казна од 10.000 до 40.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".
Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член за прекршокот од ставот (1) точки 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член на трговецот-поединец ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење дејност од една до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката."
Ставот (3) се брише.

**Член 22**

Во членот 599 став (1) зборовите: „Со парична казна од 50.000 до 150.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".
Во истиот став по точката 6 се додава нова точка 7, која гласи:
„7) не исплати дивиденда во рокот утврден со членот 487 став (5) од овој закон;".
Во ставот (2) зборовите: „Со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок и" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на".
Ставот (3) се менува и гласи:
„(3) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на трговското друштво ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од шест месеца до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката."
Ставот (4) се менува и гласи:
„(4) Покрај глобата од ставот (1) точки 1 и 3 на овој член на одговорното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од најмалку една до најмногу пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката."

**Член 23**

Во членот 600 став (1) зборовите: „Со парична казна од 15.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".
Во ставот (2) зборовите: „Со парична казна од 10.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок од став (1) на овој член и" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на".
Ставот (3) се менува и гласи:
„(3) Покрај глобата од ставот (1) точка 3) на овој член на одговорното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од една до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката."

**Член 24**

Во членот 601 став (1) зборовите: „Со парична казна од 80.000 до 240.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".
Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член за точка 6 од став (1) на овој член ќе се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од шест месеца до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката."
Во ставот (3) зборовите: „Со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".
Ставот (4) се менува и гласи:
„(4) За прекршоците од став (1) точки 2, 6, 8 и 12 на овој член на одговорното лице на друштвото ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од една до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката."

**Член 25**

Во членот 602 став (1) зборовите: „Со парична казна од 80.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на."
Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото. За прекршоците од ставот (1) точки 1, 2, 3, 13, 14 и 15 на овој член, на одговорното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од една до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката."

**Член 26**

Членот 603 се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 2.500 до 25.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на Централниот депозитар ако на акционерот не му овозможи увид во акционерската книга, односно не му издаде фотокопија од податоците запишани во акционерската книга на друштвото (член 283 ставови (6) и (7)).
(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на Централниот депозитар во согласност со членот 283 ставови (6) и (7) од овој закон."

**Член 27**

Во членот 604 став (1) зборовите: „Со парична казна од 80.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 2.500 до 25.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото. За прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото ќе му се изрече и прекршочна санкција - забрана за вршење должност во траење од една до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката."

**Член 28**

Во членот 605 став (1) зборовите: „Со парична казна од 80.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".

**Член 29**

Со статутот на акционерското друштво може да се определи основање на фонд од којшто вработените можат да стекнат акции на акционерското друштво бесплатно или по повластена цена. Фондот и акциите коишто вработените можат да ги стекнат од фондот, можат да изнесуваат најмногу до една десеттина од основната главнина на акционерското друштво.

Со статутот на акционерското друштво се уредува организацијата и управувањето на фондот, како и користењето и начинот на распределбата на средствата наменети за акции на вработените. Во случај на основање на фондот од ставот (1) на овој член, собранието на друштвото донесува програма според која вработените ќе можат да стекнуваат акции. Одлука за издавање на акции наменети за фондот од ставот (1) на овој член, за критериумите за нивна распределба и за распределба на акциите од фондот за стекнување на акции за вработените донесува собранието на друштвото. Одлуката собранието на друштвото ја донесува со мнозинство гласови коешто не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас, претставени на собранието на друштвото, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

Акциите од ставот (1) на овој член фондот може да ги стекнува од сопствените акции на акционерското друштво или од општата резерва и акумулираната добивка на акционерското друштво во согласност со овој закон.

**Член 30**

Акционерските друштва се должни да ги усогласат своите акти и своето работење со одредбите на овој закон најдоцна до 30 јуни 2007 година.

**Член 31**

Одредбите на членот 29 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2012 година.

**Член 32**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".